# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

(Објавено во Службен месник на РМ бр. 90/10)

Врз основа на член 69 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), член 36 став 3 од Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03 и 81/08) и точка 24 од Одлуката за менувачки работи („Службен весник на РМ“ бр. 31/09, 34/09, 66/09, 157/09 и 73/10), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

## У П А Т С Т В О
## за изменување на Упатството за спроведување на Одлуката за менувачки работи

I. Во Упатството за спроведување на Одлуката за менувачки работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/09, 136/09 и 13/10), се вршат следниве изменувања и дополнувања:

1. Точките 3 и 8, се бришат, а точките 4, 5, 6, 7, 9, 10, 11, 12 и 13 стануваат точки 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11.

II. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

III. Точката 8, којашто со измената на ова упатство се брише, а согласно со која овластените менувачи водат нумериран регистар на трансакции за износи поголеми од 500,00 евра, ќе биде во важност сè додека министерот за финансии не ги пропише формата и содржината на нумерираниот регистар.

**У бр. 5**
**01.07.2010 година** **Гувернер**
**Скопје** **м-р Петар Гошев**